АЕК
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Ул. „ Димитрие Чуповски “ бр.13
1000 Скопје
Република Македонија
**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 24 611
contact@aec.mk

# З А П И С Н И К

Од деветиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации одржан на 20.06.2011 година со почеток во 18:00 часот

Деветиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 20.06.2011 година во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа:

1. Претседател на Комисијата г-ца Гордана Клинчарова,

2. Членот на Комисијата г-н Петар Есмеров,

3. Членот на Комисијата г-н Славе Веловски,

4. Членот на Комисијата г-н Газменд Ајдини,

5. Директорот на АЕК г-н Роберт Орданоски,

6. Соработникот за правни работи во својство на записничар г-ѓа Бојана Стефановска;

На состанокот беше предложен и усвоен следниот дневниот ред:
1. Усвојување на записникот од осмиот состанок на Комисијата на АЕК оддржан на 09.05.2011г. и усвојување на дневниот ред;
2. Одлука за утврдување на висината на трошоците за репрезентација за Претседателот и членовите на Комисијата и директорот на Агенцијата за електронски комуникации;
3. Барање на согласност за измена на Годишниот план за јавни набавки за 2011 година;
4. Барање на согласност за спроведување на јавна набавка со преговарање без објавување на оглас за набавка на комплет опрема за проширување на Контакт Центарот на АЕК;
5. Барање на согласност за спроведување на јавна набавка за избор на идејно решение за изведба на антенски столб на АЕК;

6. Барање на согласност за спроведување на јавна набавка за избор на најповолен понудувач за агенциски услуги за обезбедување на имот и лица за потребите на АЕК;
7. Разно.

Состанокот го отвори Претседателот на Комисијата и првично записникот и дневниот ред беа едногласно усвоени.

По втората точка од дневниот ред беше донесена одлука за утврдување на висината односно намалување на трошоците за репрезентација за Претседателот и членовите на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации.

По барањето за измена на Годишниот план за јавни набавки, откако АЕК се обрати за мислење до Државната Комисија за спречување на корупција се доби согласност за измена на планот само во делот за јавна набавка за избор на идејно решение за изведба на антенски столб на АЕК, по што за истото се даде согласнот од Комисијата на АЕК, а останатите барања беа стопирани.

Под точката разно беше дадена согласност за зголемување на средства потребни за набавка на консултантски услуги за развој и имплементација на методологија за регулирање на малопродажни цени за оператори со значителна пазарна моќ, за потребите на Агенцијата за електронски комуникации.

Состанокот заврши во 19:30 часот.

Гордана Клинчарова, Претседател

Петар Есмеров, член

Горан Велинов, член

Славе Веловски, член

Газменд Ајдини, член

Наш број ____________
Скопје ______________